# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 9**<br><br>**09.10.2018** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10,08/14 и 02/18), а по предлог на Одбор за доделување на награди и признанија, Советот на Општина Крива Паланка на свечената седница, одржана на 08.10.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година**

**Член 1**

Наградата „8-ми Октомври“ за 2018 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Проф.д.р Јордан Михајловски** од Крива Паланка за повеќедецениско работно, творечко и општествено ангажирање во повеќе области кои имаат значење за развојот на Општина Крива Паланка и нејзина афирмација во Република Македонија и пошироко .

**Член 2**

Наградата „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ за 2018 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Г-дин Самуел Жбогар –амбасадор на Европската унија во Македонија** во знак за благодарност на граѓаните на Општина Крива Паланка за неговата несебична и сестрана подршката во унапредувањето и развој на општината благодарение на ЕУ–фондовите кои ни беа достапни и помагаат за имплементација на бројни инфраструктурни и останати проекти.

**Член 3**

Наградата „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ за 2018 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Г-дин Љупчо Николовски –Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во Владата на Република Македонија** за придонес и афирмација на Општина Крива Паланка во национални и меѓународни рамки и неговите заложби на полето на унапредување на патната инфраструктура, општествена дејност, капиталните проекти и несебичната подршка и помош што ја дава за својот роден крај Крива Паланка.

**Член 4**

Благодарници во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2018 година се доделуват на:

1. **Ана Стојановска** за достигнувања во областа на спортот на домашна и меѓународна сцена .
2. **Лина Рангелова** за врвни резултати по повеќе наставни предмети како и вонннаставни активности на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво .
3. **Андреј Јакимовски** за заслуги во промоција, афирмација и достојно преставување на општината во областа на спортот во државата и надвор од границите на Македонија и ширум Европа.
4. **СОУ Ѓорче Петров** за достигнувања на планот на образование, воспитание, култура, спорт и заштита на животната средина

**Член 5**

Пофалница во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2018 година се доделува на:

1. **ДГТТУ „Ју-Бај 2 Амет“ ДООЕЛ Скопје** за добра соработка во областа на инфраструктурата .

**Член 6**

Наградата од член 1 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 18.000 денари и благодарница.

Наградата од член 2 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета и благодарница.

Наградата од член 3 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета и благодарница.

**Член 7**

Средствата за доделување на наградата „8-ми Октомври“ ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Крива Паланка.

**Член 8**

Наградата 8-ми Октомври, Благодарниците и Пофалницата ќе се доделат на добитниците на свечената седница на Советот на Општина Крива Паланка што се одржува на 8-ми Октомври 2018 година.

Наградите “Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година ќе се доделат на Свечената академија во чест на ослободување на Крива Паланка на 8-ми Октомври 2018 година .

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 –2974 /3**
**08.10.2018 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување Одлуката за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година, што Советот ја донесе на седницата, одржана на ден 08.10.2018 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2974/4**

**09.10 .2018 год.**

**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник,**

**Борјанчо Мицевски с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

страна

1. Одлука за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година. ..........................................449

2. Заклучок за објавување Одлука за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2018 година..451